# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16) во членот 27 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„(4) На магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места, на приодите кон училиштата, детски установи, болници, спортски објекти и други места, во близина на пешачки премин, можат да се поставуваат сообраќајно техничките средства за забавување на сообраќајот согласно со прописите за безбедност во сообраќајот.".

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија''.

Услови за користење | Заштита на приватноста | akademika.com.mk | Сите права задржани